# ПРИСТАП ДО ПРАВДА ВО МАКЕДОНИЈА

## ПРОЕКТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И ПРОМОВИРАЊЕ НА ПРАВОТО НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Координатор на проектот Пристап до правда во Македонија:

Фондација Отворено општество-Македонија
бул. Јане Сандански бр.111,
1000 Скопје
02/2477-126
02/2444-499

**До:** **Г-А ВИНЕТА КРУТКО, ПОСТОЈАН ТВИНИНГ СОВЕТНИК**

**Од:** **ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО – МАКЕДОНИЈА**

**ВО СОРАБОТКА СО:** **ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**НАЦИОНАЛЕН РОМСКИ ЦЕНТАР – КУМАНОВО**

**ЕДУКАТИВНО – ХУМАНИТАРНО ЗДРУЖЕНИЕ – ШТИП**

**МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР – БИТОЛА**

**ЗДРУЖЕНИЕ ИЗБОР – СТРУМИЦА**

**ПРЕДМЕТ: МИСЛЕЊЕ ЗА НОВИОТ ЗАКОН ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ**

**Дата: 23 мај 2016, Скопје**

**РЕЗИМЕ НА ДОКУМЕНТОТ**

Како што беше побарано во вашиот дописот од 6 мај 2016, во овој документот се презентирани можни решенија за подобрување на системот за бесплатна правна помош, кои, пак, се засновани на утврдените проблеми од практичната примена на Законот за бесплатна правна помош,.

Фондацијата Отворено општество – Македонија, заедно со овластените здруженија за давање бесплатна правна помош, започна со следење и примена на Законот за бесплатна правна помош од 2011 година. Од 2014 година, па до денес, проектот „Пристап до правда во Македонија“ е финансиски поддржан од страна на Европската Унија преку инструментот за човекови права и демократија (EIDHR). Проектот ги поддржува овластените здруженија за давање бесплатна правна помош согласно Законот за бесплатна правна помош (ЗБПП) и има цел да придонесе кон подобрување на системот за заштита на човековите права во земјата, преку оценување на задоволството на постојниот систем за бесплатна правна помош на граѓаните и утврдување на слабостите во неговото спроведување со цел давање на препораки за подобрување на системот.



Овој проект е финансиран од Европската Унија

Координатор на проектот
Пристап до правда во
Македонија:

Фондација Отворено
општество-Македонија
бул. Јане Сандански бр.111,
1000 Скопје
02/2477-126
02/2444-499

Од праксата на овластените здруженија детектирани беа недостатоци на постојниот Закон кои се содржани во овој документ и се дадени насоки и можни решенија за нивно надминување и обезбедување на еднаков пристап до правда за сите граѓани.

Препораките содржани во овој документ се следни:

1. Поширок опфат на правни прашања за кои може да биде одобрена правна помош и олеснување на условите кои треба да ги исполнат барателите на бесплатна правна помош

- Правните потреби на граѓаните треба да бидат целосно отсликани во опфатот на новиот Закон за бесплатна правна помош со цел обезбедување еднаков пристап до правда. Притоа, правните области наместо да бидат таксативно наброени и исклучувачки треба да ги опфатат сите правни прашања и проблеми со кои се соочуваат граѓаните. Понатаму, за да се опфатат сите граѓани на кои им е потребна правна помош, потребно е олеснување на условите кои граѓанинот треба да ги исполни за да добие бесплатна правна помош.

2. Трошоци кои треба да бидат опфатени со правото на бесплатна правна помош

- Во однос на трошоците, од досегашната пракса се јавува потребата правото на бесплатна правна помош да ги опфати сите трошоци кои произлегуваат од одреден правен спор за кој е одобрена бесплатна правна помош.

3. Проширување на опфатот на претходна бесплатна правна помош и финансирање на работата на здруженијата

- Претходната правна помош која овластените здруженија и подрачните одделенија на Министерството за правда ја даваат на граѓаните по теркот на правните системи кои се предмет на компаративна анализа во овој документ, покрај правните совети и пополнувањето на барање за бесплатна правна помош, потребно е да вклучи и составување на едноставни писмена за управна постапка.
- Авансното финансирање, односно грантирањето на здруженијата претставува најдобар механизам за на здруженијата да им се обезбеди одржливост и ефикасно работење.

4. Децентрализација на донесувањето одлука по барањата за бесплатна правна помош

- Децентрализацијата е клучна кога се работи за кратки рокови кои треба да се запазат, а во исто време преку повеќестепеноста на постапката ќе се обезбеди и поголема правна сигурност на граѓаните.



Македонски веб портал за приближување на правото до граѓаните www.pristapdopravda.mk
Бесплатна телефонска линија за бесплатна правна помош 0800 44 222
Овој проект е финансиран од Европската Унија

Координатор на проектот Пристап до правда во Македонија:

Фондација Отворено општество-Македонија
бул. Јане Сандански бр.111,
1000 Скопје
02/2477-126
02/2444-499

5. Законот за бесплатна правна помош мора да биде усогласен со останатите закони со кои е поврзан
- Законот за бесплатна правна помош е дел од правниот систем на Република Македонија и може да биде целосно имплементиран само доколку е во согласност со сите материјални и процесни закони, притоа меѓу оние со кои е тесно поврзан се вбројуваат: Законот за парнична постапка, Законот за кривична постапка, како и Законот за нотаријат.
6. Формирање на независно тело за набљудување и оценка на имплементацијата на Законот за бесплатна правна помош
- Клучен елемент кој треба да се опфати со новиот Закон за бесплатна правна помош е формирањето на независно тело кое ќе го гарантира еднаквиот пристап до правда на сите граѓани, ќе одлучува во втор степен по жалба за донесено решение и ќе има други надлежности опфатени со законот, а опфатени подолу во овој документ.

За сите предлози кои се подолу објаснети потребна е широка дебата на која ќе бидат разгледани и презентирани пред сите засегнати страни, при што ќе има простор за нивно надополнување.

## I. ДЕТЕКТИРАНИ КЛУЧНИ ПРОБЛЕМИ ОД ПРИМЕНАТА НА ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ?

### 1.1. Условите кои граѓаните треба да ги исполнуваат во поглед на правното прашање за кое бараат помош и особено во поглед на нивната материјална положба[1]

Условите кои Законот ги уредува во однос на *правното прашање*[2] и во поглед на *материјалната положба*[3] на лицата кои бараат правна помош се неоправдано строги и го спречуваат пристапот до правда за значителен број лица кои, иако живеат во сиромаштија се оневозможени да го користат правото на бесплатна правна помош.

Листата на **правни прашања** за кои може да се одобри бесплатна правна помош е претесна и ограничувачка. Во законот не се опфатени некои мошне значајни правни области со кои се

[1] Види глава 2, 4 и 5 од Дел II од Анализа на примената на Законот за бесплатна правна помош за периодот 2010 – 2012 година
[2] Член 8 и член 9 од ЗБПП,
[3] Член 12, 13 и 14 од ЗБПП,



Македонски веб портал за приближување на правото до граѓаните www.pristapdopravda.mk
Бесплатна телефонска линија за бесплатна правна помош 0800 44 222
Овој проект е финансиран од Европската Унија

Координатор на проектот Пристап до правда во Македонија:

Фондација Отворено општество-Македонија
бул. Јане Сандански бр.111,
1000 Скопје
02/2477-126
02/2444-499

соочуваат граѓаните како што се: проблемите од семејно - правните односи (поништување и развод на брак, споровите околу старателство, издршката, поделбата на брачниот имот, утврдување на татковство и мајчинство), проблемите поврзани со потрошувачкото право кои не можат да се подведат под имотно - правни прашања, остварувањето и заштитата на правата од социјалната заштита,[4] статусните прашања (деловна способност, државјанство), проблемите поврзани со дискриминација.

Од спроведеното истражување за правните потреби на граѓаните може да се воочи дека граѓаните најчесто се соочуваат со правни проблеми поврзани со имотот, односно домувањето (проблеми со купување или продавање на имот, проблеми со откуп на државно земјиште, проблеми со легализација на имот, проблеми со денационализација на имот, задоцнување на неколку рати на хипотекарен кредит, проблеми со паркирање, добивање грешни или спорни сметки, добивање или одржување на некоја од јавните услуги (телефон, вода, греење), бездомништво, проблеми или спор со соседите, комунални поправки или одржување, проблеми со катастарска евиденција), понатаму проблеми кои произлегуваат од вработување, односно работни односи, потрошувачките проблеми (проблеми со купената стока или услуга, потпишан договор кој потписникот не го разбира, проблеми со лоши кредитни услови, проблем со безбедноста на купен производ) и проблемите поврзани со пари, односно долгови.[5]

Законот ги исклучува и обвинетите во кривичните постапки за кои согласно Законот за кривична постапка[6] не е предвидена задолжителна одбрана. Законот е многу ограничувачки и во врска со условите кои барателот треба да ги исполнува во поглед на неговата материјална состојба. Според Законот, право на бесплатна правна помош имаат лицата кои ќе ги исполнат **кумулативно** следниве три критериуми:

1) Да бидат корисници на некое законски определено право (социјална помош, детски додаток итн.),

---

[4] Социјално осигурување и социјална заштита се различни поими кои се уредени со различни закони. Правото на социјална парична помош како право од социјалната заштита не е дел од социјалното осигурување.
[5] Правните потреби и патот до правдата во Република Македонија, стр 14
http://www.fosm.mk/CMS/Files/Documents/20131810-Analiza-mk.pdf
http://www.fosm.mk/CMS/Files/Documents/20131810-Analiza-eng.pdf
[6] Закон за кривичната постапка (Службен весник на РМ, бр. 150 од 18.11.2010 година)



Овој проект е финансиран од Европската Унија

Координатор на проектот Пристап до правда во Македонија:

Фондација Отворено општество-Македонија
бул. Јане Сандански бр.111, 1000 Скопје
02/2477-126
02/2444-499

2) Вкупниот приход на домаќинството да не надминува **половина од просечната плата** и
3) Домаќинството да не поседува имот чија вредноста надминува **пет просечни бруто плати**.

Доколку се земе предвид традицијата на македонските семејства да поседуваат имот, кој најчесто не влијае на нивната материјална состојба може да се заклучи дека овој услов исклучува голем број од македонското население во пристапот до правда.

Правото на бесплатна правна помош не им е достапно на сиромашните граѓани кои немаат приходи, но поседуваат дом чија вредност често надминува пет просечни бруто. **Законот е построг дури и од Законот за социјална заштита каде право на социјална парична помош може да има и лице кое поседува недвижен имот со ограничување да не може да се издржува од имотот.**

Законот притоа не прави разлика дали граѓаните се вработени или невработени. Имено, правото на бесплатна правна помош треба да им е загарантирано на сите невработени граѓани кои поради недостатокот на постојано парично примање не се во можност да платат адвокат.

### 1.2. Трошоците кои не се опфатени со правото на бесплатна правна помош, а се содржани во Законот

Законот за бесплатна правна помош овомозможува покривање само на дел од вкупните трошоците на постапките и се однесува само на трошоците за правна помош (за здруженијата и адвокатите). Притоа, Законот предвидува покривање на трошоците на здруженијата само во случаите кога е **одобрена** бесплатна правна помош, без притоа да утврди тарифа за случаите кога здруженијата овозможуваат правни совети и консултации на граѓаните.
Во однос на трошоците за ангажираните адвокати, Законот предвидува награда намалена за 30% согласно Адвокатскиот тарифник.

Надвор од ова, Законот не предвидува ниту уредува како и на кој начин лицето кое користи право на бесплатна правна помош (со материјална состојба каква што е утврдена со решението) ќе ги плати судските и административните такси, трошоците за изработка на наод и мислење од вешто лице, трошоците за превод и толкување како и за обезбедување на докази.



Овој проект е финансиран од Европската Унија

Координатор на проектот
Пристап до правда во
Македонија:

Фондација Отворено
општество-Македонија
бул. Јане Сандански бр.111,
1000 Скопје
02/2477-126
02/2444-499

Од плаќањето на овие трошоци зависи дали воопшто ќе биде поведена постапка (судски такси) или дали ќе може доказот да се изведе (вештачењето како доказ се приложува исклучиво во тужбата) . Овој начин на уредување на бесплатната правна помош е нецелосен и недоволен за да се изгради ефикасен инструмент за олеснување на пристапот до правдата. Само како пример, лице корисник на бесплатна правна помош кому му е определен адвокат за да води некоја судска постапка поради неможност да ги покрие трошоците за вештачењето кое е нужно да се поднесе заедно со тужбата ќе се откаже од своето барање, со што се доведува во прашање оправданоста и постоењето на бесплатната правна помош на начинот на кој е уредена со овој Закон.

**1.3. Начинот на уредување на претходната правна помош**

Овластените здруженија се многу важен дел во целокупниот систем на бесплатна правна помош, но начинот на кој нивната работа е уредена во Законот не им овозможува одржливост при давањето на претходна бесплатна правна помош. Можноста претходната правна помош да биде обезбедувана од два суштински различни субјекти, **регистрираните здруженија** од една, и **подрачните одделенија на Министерството за правда** од друга страна е оправдана.

Здруженијата со **изградените капацитети** и искуство во заштита на правата на ранливите групи и подрачните одделенија на Министерството распространети во 34 населени места се ресурси кои може да го олеснат пристапот до информации и совети за сиромашните граѓани. Сепак, веќе со останатите одредби од Законот спроведувањето на претходната правна помош се отежнува и усложнува.

Претесниот опфат на претходната бесплатна правна помош која со законот е ограничена само на:

- општа правна информација,
- иницијален правен совет и
- правна помош во комплетирање на барањата за бесплатна правна помош.

Овие три форми на претходна бесплатна правна помош ги ограничуваат како здруженијата, така и подрачните одделенија на Министерството за правда, кои секојдневно се во ситуации кога од нив граѓаните бараат **составување на едноставни писмена во управна постапка**, како и мирно решавање **на спорови и медијација**. Преку вклучувањето на овие форми на претходна бесплатна правна помош во законот би се добила потребната смисла на „претходна“ затоа што ќе овозможи граѓаните да добијат информации за правната уреденост на некое правно





Овој проект е финансиран од Европската Унија

Координатор на проектот
Пристап до правда во
Македонија:

Фондација Отворено
општество-Македонија
бул. Јане Сандански бр.111,
1000 Скопје
02/2477-126
02/2444-499

прашање, потоа правен совет како да го решат нивниот проблем, помош при утврдувањето на сите околности на случајот и при составувањето на едноставни писмена во управна постапка, со цел запазување на кусите рокови кои многу често се пробиваат додека се чека одговор на барањето за бесплатна правна помош.

На овој начин исто така би се **заштедиле и средства од државниот буџет**, бидејќи на граѓаните ќе им се овозможи решавање на конкретниот проблем без притоа да се покренуваат судски постапки.

*i)* **Предизвици со кои се соочуваат здруженијата при давање бесплатна правна помош**

Предизвиците со кои се соочуваат здруженијата овластени за давање на бесплатна правна помош, започнуваат уште со нивното регистрирање како даватели на претходна правна помош, односно при исполнувањето на законските услови за добивање овластување. Законот предвидува дека здружението за да добие овластување најпрвин треба да склучи **редовен работен однос со правник со положен правосуден испит**. Доколку се земе предвид фактот дека на здруженијата согласно законот им е забрането рекламирање во поглед на бесплатната правна помош, но и немањето на одржливост и можност да ги надоместат трошоците кои ги имале се отвора прашањето на кој начин тие ќе обезбедат средства за плата на правникот.

Имено, според Законот здруженијата имаат право на наплата само на трошоците кои ги имале по предметите за кои е **поднесено барање за бесплатна правна помош и истото е одобрено**. Од праксата на здруженијата може да се увиди дека нивната работа е се повеќе насочена кон советување на граѓаните за нивните правни проблеми и не секогаш тоа советување завршува со барање за бесплатна правна помош, односно правникот може да увиди дека проблемот може да биде решен и без поведување на судска постапка.
Освен во поглед на трошоците за плата на правникот, здруженијата имаат и тековни трошоци за канцеларија, струја, вода и слично кои не можат да ги покријат со скромните средства кои ги добиваат од Министерството за правда.



Овој проект е финансиран од Европската Унија

Координатор на проектот Пристап до правда во Македонија:

Фондација Отворено општество-Македонија
бул. Јане Сандански бр.111,
1000 Скопје
02/2477-126
02/2444-499

*ii)* **Подрачните одделенија на Министерството за правда како даватели на претходна правна помош**

Подрачните одделенија на Министерството за правда можат да обезбедуваат претходна правна помош само доколку имаат правник со положен правосуден испит. Исто така отсуствува поблиска уреденост на начинот на обезбедувањето на претходната правна помош, како и начинот на евидентирање на истата.

Она што исто така е детектирано во праксата на здруженијата е невоедначената пракса на подрачните одделенија. Понатаму, некои од подрачните одделенија се отворени за соработка, располагаат со адекватни кадри, додека другите немаат компјутери, не се во можност да одговорат на одредени барања од страна на здруженијата и не се запознаени со законите по кои работат.

### 1.4. Централизираност на постапката за одлучување по барањата за бесплатна правна помош

Законскиот рок за одлучување по барањата за бесплатна правна помош е **20 дена** од приемот на барањето, рок кој речиси секогаш се пробива. Постапката за бесплатна правна помош е уредена како итна, но од досегашната пракса може да се увиди дека во просек се чека **од 40 до 50 дена** за Министерството за правда да донесе решение по поднесеното барање.

Вака уредената процедура најчесто многу се одолговлекува при што се пробиваат кусите рокови кои граѓаните ги имаат, а за кои им е потребен бесплатен адвокат.

Причините за одолговлекувањето се најразлични, а најчесто се однесуваат на комуникацијата со другите органи, иматели на информациите потребни за утврдување на состојбата на барателот, како и на потребата Министерот за правда да го потпише решението со кое се одлучува по поднесеното барање.

### 1.5. Неусогласеност на Законот за бесплатна правна помош и другите закони со кои е во директна врска

Законот за бесплатна правна помош содржи одредби кои се неусогласени со одредбите на другите закони, кои се во директна поврзаност со имплементацијата на овој закон.



Македонски веб портал за приближување на правото до граѓаните www.pristapdopravda.mk
Бесплатна телефонска линија за бесплатна правна помош 0800 44 222
Овој проект е финансиран од Европската Унија

Координатор на проектот Пристап до правда во Македонија:

Фондација Отворено општество-Македонија
бул. Јане Сандански бр.111,
1000 Скопје
02/2477-126
02/2444-499

*i)* Закон за парнична постапка- Законот не содржи одредби кои поблиску ја уредуваат ситуацијата кога лице кое е корисник на бесплатна правна помош успее да го добие спорот во парнична постапка, па согласно ЗПП има право на надомест на трошоците кои би ги имало од спротивната страна. Не е уредено дали и до која мера тоа лице има право на надомест на трошоците од спротивната страна ниту пак е пропишана обврска на лицето да ги врати средствата кои државата на име бесплатна правна помош ги има исплатено на адвокатот кој го застапувал. Со тоа значаен извор на приходи на буџетот за бесплатна правна помош е оставен неискористен.

*ii)* Закон за нотаријат- согласно Законот за нотаријат во оставинска постапка пред нотар странките се обврзани да ангажираат адвокат, кој не само што ќе им го состави предлогот за поведување на оставинска постапка, туку во исто време и ќе ги застапува пред нотарот. Законот за бесплатна правна помош не содржи одредби со кои трошоците за застапување на адвокатот пред нотар ќе бидат покриени со правото на бесплатна правна помош. Во овие случаи адвокатите својата награда ќе ја делат со нотарот, согласно Нотарската тарифа, па токму затоа се јавува потребата ова да се уреди во Законот за бесплатна правна помош.

*iii)* Закон за кривична постапка (ЗКП) - во сегашниот Закон за бесплатна правна помош како баратели на бесплатна правна помош се исклучени обвинети во кривична постапка за кои според ЗКП не е предвидена задолжителна одбрана (член 8 став 2). Ова се однесува на сиромашкото право, кое е во директна врска со Законот за бесплатна правна помош, односно еднаков пристап до правда за сите.

### 1.6. Набљудување и оценка на спроведувањето на Законот и квалитетот на дадената правна помош

Во моментов не постои механизам преку кој ќе се врши набљудување и оценка, но и ќе се дадат конкретни насоки за подобрување на квалитетот на бесплатната правна помош. Детектирана е потреба од надворешно, независно и непристрасно тело кое ќе изготвува



ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Македонски веб портал за приближување на правото до граѓаните www.pristapdopravda.mk
Бесплатна телефонска линија за бесплатна правна помош 0800 44 222

Овој проект е финансиран од Европската Унија

Координатор на проектот Пристап до правда во Македонија:

Фондација Отворено општество-Македонија
бул. Јане Сандански бр.111,
1000 Скопје
02/2477-126
02/2444-499

програма по која ќе работат овластените здруженија и подрачните одделенија на Министерството за правда, ќе ја следи нивната работа и ќе им дава насоки за подобрување на услугата и пристапот кон граѓаните.

## II. ПРЕДЛОЖЕНИ РЕШЕНИЈА ЗА ДЕТЕКТИРАНИТЕ НЕДОСТАТОЦИ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

### 2.1. Поширок опфат на правни прашања за кои може да биде одобрена правна помош и олеснување на условите кои треба да ги исполнат барателите на бесплатна правна помош

Листата на правни прашања за кои Законот треба да предвиди бесплатна правна помош треба да биде широка и притоа да се води сметка за правните потреби на граѓаните. Од спроведеното истражување на правните потреби на граѓаните на Република Македонија, но и правната пракса се појавува потребата од вклучување на споровите за дискриминација и потрошувачки права во опсегот на правни прашања за кои може да биде одобрена правна помош. [7]

Со цел пристап до правда на сите граѓани како најадекватно решение е **опфат на сите правни прашања** за кои ќе биде предвидено одобрување на бесплатна правна помош. На овој начин секој граѓанин кој ќе ги исполни законските услови, ќе може да аплицира за бесплатна правна помош за проблем од било која правна област. На граѓаните ќе им се овозможи пристап до правда без притоа да бидат ограничени со правна област.

Условите кои граѓанинот треба да ги исполни за да добие бесплатна правна помош треба да бидат насочени кон поголем опфат на граѓани. За оние граѓани кои се приматели на социјална помош или некое друго социјално право да не се врши дополнителна проценка на имотната состојба, од причина што веќе еднаш истата е проверена од страна на државен орган кога на граѓанинот му било признаено правото на парична помош по основ на некое социјално право. За останатите граѓани кои не се корисници на некое социјално право да се изврши проценка

---

[7] Правните потреби и патот до правдата во Република Македонија, стр.14
http://www.fosm.mk/CMS/Files/Documents/20131810-Analiza-mk.pdf
http://www.fosm.mk/CMS/Files/Documents/20131810-Analiza-eng.pdf



Овој проект е финансиран од Европската Унија

Координатор на проектот Пристап до правда во Македонија:

Фондација Отворено општество-Македонија
бул. Јане Сандански бр.111, 1000 Скопје
02/2477-126
02/2444-499

на приходите на целото домаќинство и при поставување на долната граница да се води сметка за бројноста на семејството или домаќинството. Притоа, утврдениот максимален приход со кои располага семејството кое може да се јави како примател на бесплатна правна помош не смее да биде понизок од **прагот на сиромаштија** по лице односно по семејство утврден на годишно ниво од страна на Државниот завод за статистика.

Од приходи кои се предмет на проценка потребно е да се изземат парични побарувања, приходи и имот кои се изземени од извршување согласно Законот за извршување, како и паричните надоместоци кои се остварени согласно Законот за социјална заштита и законот за заштита на децата.

При проценка на имотната состојба на граѓанинот да се изземат куќата, односно станот во кој живее барателот, а од кој нема никаков финансиски бенефит. Проценката да биде извршена од овластен проценител, а не по слободна проценка на вработените во Министерството за правда.

Треба да се води сметка дека кај жртви на семејно насилство, невработени лица и работни спорови бесплатна правна помош да биде загарантирана без разлика на имотната состојба на барателот. Бидејќи согласно истражувањето за правните потреби на граѓаните, може да се увиди дека тие немаат доверба за успешно завршување на спор кога од другата страна е работодавецот. [8] Од тука се гледа потребата во работните спорови на граѓаните да им биде загарантирано правото на бесплатна правна помош.

### 2.2. Трошоци кои треба да бидат опфатени со правото на бесплатна правна помош

Сите трошоци кои произлегуваат од одреден правен спор за кој е признаено правото на бесплатна правна помош потребно е да бидат опфатени во Законот. Покрај трошоците за адвокат, Законот треба да ги предвиди и сите нужни трошоци во постапката како признаени трошоци предвидени со правото на бесплатна правна помош, вклучително судските и административните такси, трошоците за изработка на наод и мислење од вешто лице, трошоците за превод и толкување како и за обезбедување на докази.

[8] Правните потреби и патот до правдата во Република Македонија, стр. 68



Овој проект е финансиран од Европската Унија

Македонски веб портал за приближување на правото до граѓаните www.pristapdopravda.mk
Бесплатна телефонска линија за бесплатна правна помош 0800 44 222

Координатор на проектот Пристап до правда во Македонија:

Фондација Отворено општество-Македонија
бул. Јане Сандански бр.111,
1000 Скопје
02/2477-126
02/2444-499

### 2.3. Проширување на опфатот на претходна бесплатна правна помош и финансирање на работата на здруженијата

За претходната правна помош да ја добие својата суштина и навистина да одговара на „претходна“ правна помош, здруженијата треба да бидат овластени покрај за правно советување, информирање и пополнување на барање за бесплатна правна помош да можат да составуваат едноставни писмена за сите постапки за кои не се бара задолжителен застапник односно адвокат.

Успешно е искуството на Англија, каде центрите кои даваат претходна правна помош се овластени за давање на професионални совети, помош при составување на писмена, како и помош во преговарање во правните спорови.[9]

Дополнително во правниот систем на Холандија претходната правна помош вклучува и препорака, односно насочување на странката кон професионалец кој може да и помогне во конкретниот правен проблем.[10]

Во однос на финансиската одржливост на овластените здруженија, добар е примерот на Законот за БПП на Хрватска и праксата на Холандија, Англија, Шкотска и Полска  во кои е предвидено авансно финансирање на здруженијата преку грантови. Имено, на почетокот на секоја година Министерството за правда објавува повик за грантови, додека здруженијата доставуваат програма по која би работеле во тековната година. Финансиските средства вака распределени ќе може да се користат за покривање на трошоците за правникот, за тековните трошоци на канцеларијата, но и за зајакнување на капацитетите на здруженијата преку учество и организирање на различни обуки.  Вакви средства треба да се одвојуваат на две нивоа, односно: 1. средства за регистрирани и **овластени здруженија за давање бесплатна правна** помош кои имаат вработено правник со положен правосуден ; и 2. средства за организации кои вршат **активности преку кои се врши правно зајакнување и описменување на определени маргинализирани групи**. На пример, во втората група може да се одобруваат средства за обуки за работнички права; програми за пара-правници кои помагаат на специфични групи како што се: ромите, лицата со посебни потреби, невработени млади лица, жртвите на семејно насилство и сл. Ваквото одобрување на средства треба да се врши преку

---

[9] Legal Aid in Europe: Nine Different Ways to Guarantee Access to Justice? стр.42
[10] Legal Aid in Europe: Nine Different Ways to Guarantee Access to Justice? стр. 42



Овој проект е финансиран од Европската Унија

Координатор на проектот Пристап до правда во Македонија:

Фондација Отворено општество-Македонија
бул. Јане Сандански бр.111, 1000 Скопје
02/2477-126
02/2444-499

едно годишни и повеќегодишни повици за одобрување средства врз основа на претходно утврдена програма кој ќе ги отсликува правните потреби и проблематичните области за кои во дадениот период постои најголема потреба. Активности преку кои се врши правно зајакнување и описменување на определени маргинализирани групи може да се дефинира во новиот закон како **посебен вид на правна помош односно правно зајакнување**.

По примерот на Финска[11], каде е опфатено и телефонско советување како форма на советување и македонскиот Закон треба да ја предвиди оваа пракса со цел да се преземат трошоците за одржување на телефонска линија која би била бесплатна за барателите на бесплатна правна помош, а која би работела во рамките на Министерството за правда.

Со цел јасно регулирање на наградата за советување, составување писмена и другите правни дејствија кои ги превземаат правниците во овластените здруженија, Законот треба да предвиди обврска на Министерството за правда или на надворешното тело да донесе тарифник за сите опфатени услуги во претходната правна помош.

### 2.4. Децентрализација на донесувањето одлука по барањата за бесплатна правна помош

Со цел запазување на роковите праксата ни говори дека Законот треба да предвиди одлуката по барањето за бесплатна правна помош да се донесува од страна на подрачното одделение и Решението со кое правната помош се одбива или се доделува да го потпишува Раководителот на подрачното одделение. На овој начин би се децентрализирала целокупната процедура и наместо Министерството за правда ќе одлучуваат подрачните одделенија, а со тоа би се скратил рокот во кој ќе биде донесено Решението.

Децентрализираната процедура ќе придонесе и кон поголема правна сигурност на граѓаните од причина што ќе придонесе кон повеќестепеност на постапката, односно по барањето ќе одлучува подрачното одделение на Министерството за правда, доколку странката не е задоволна од решението ќе може да поднесе жалба до ново формираното независно тело (види глава 2.6.) или да иницира спор пред Управниот суд против решението на независното тело.

[11] Legal Aid in Europe: Nine Different Ways to Guarantee Access to Justice?



Овој проект е финансиран од Европската Унија

Координатор на проектот Пристап до правда во Македонија:

Фондација Отворено општество-Македонија
бул. Јане Сандански бр.111,
1000 Скопје
02/2477-126
02/2444-499

Во Франција, Белгија, Полска и Германија процесот на донесување на одлука по барањето за бесплатна правна помош е комплетно децентрализиран, додека во Шкотска, Ирска и Холандија постои самостојно советодавно тело.[12]

**2.5. Законот за бесплатна правна помош мора да биде усогласен со останатите закони со кои е поврзан**

За да се овозможи непречена имплементација на Законот, но и остварување на целта, а тоа е еднаков пристап до правда на сите граѓани, одредбите од Законот треба да бидат јасни, да не си противречат, но и да се усогласат со Законот за парнична постапка, Законот за кривична постапка, новиот Закон за нотаријат.

**2.6. Формирање на независно тело за набљудување и оценка на имплементацијата на Законот за бесплатна правна помош**

Формирањето на независно тело чија задача ќе биде следење на имплементацијата на Законот за бесплатна правна помош; првостепено одлучување по жалба; обезбедување воедначена примена на законот; спроведување истражувања и обуки; осигурување квалитет на бесплатната правна помош која ја добиваат граѓаните; контрола врз квалитетот на работењето на овластените адвокати, здруженија и други организации што спроведуваат активности за правно зајакнување и описменување на маргинализирани групи граѓани; утврдување програма и одлучување за финансирање на активностите на организациите.

Понатаму телото би ја следело работата на подрачните одделенија, но и би подготвувало извештаи со забелешки и насоки за подобрување на квалитетот на бесплатната правна помош, како и предлози за измени и дополнувања на Законот за бесплатна правна помош.

Членовите на ова тело треба да бидат професионални и независни вработени во овој орган, кој би се бирале од редовите на овластените здруженија, претставници на министерството, професори од правните факултети, како и претставници на адвокатската комора или адвокати регистрирани за давање на бесплатна правна помош.

Фани Каранфилова – Пановска

______________________________

Извршна директорка

[12] Legal Aid in Europe: Nine Different Ways to Guarantee Access to Justice? стр.30



Овој проект е финансиран од Европската Унија